# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 1.2.2022 година<br>Скопје<br>Број 2 год. XVII | Претплатата за 2020 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |
|---|---|---|



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


февруари, 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба доградба на објект со намена В1-образование и наука на ООУ „Коле Неделковски", со Решение за објавување ........................................................................... 1 - 2

- Решение за измена на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со решение за објавување ...... 3 - 4

- Решение за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .... 5 - 6

- Решение за именување на началник и помошници на началникот на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................................................................... 7 - 8

- Решение за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, предложен од Советот на родители, со Решение за објавување .......... 9 - 10

- Решение за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, предложен од Стручниот совет на градинката, со Решение за објавување ............................................................................... 11 - 12

- Заклучок , со Решение за објавување................................................ 13 - 14

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба доградба на објект со намена В1-образование и наука на ООУ „Коле Неделковски“**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба доградба на објект со намена В1-образование и наука на ООУ „Коле Неделковски“,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/3
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 5. седница, одржана на 31.1.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба доградба на објект со намена В1-образование и наука на ООУ „Коле Неделковски“**

**Член 1**

Инвеститорот Општина Центар-Скопје се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба доградба на објект со намена В1-образование и наука на ООУ „Коле Неделковски“ на ул. „Антоние Грубишиќ“ бр. 8, градежна парцела 2.1, КП.10196, КП.10197/2, КП.9801 (нова КП.9801/2), КП.13746/1, (нова КП.13746/3), КП.10197/1 (нова КП.10197/4), КП.10192 (нова КП.10192/7) КО.Центар 1, комплекс 22/1, во износ од 1.190.204,00 денари согласно со Барањето бр. 22/13-173/1 од 10.01.2022 година од Општина Центар-Скопје, утврдени со Пресметка за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште бр. 22/13-173/1-ПР од 10.01.2022 година.

**Член 2**

Примерок од оваа Одлука да се достави до Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-465 /2
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за измена на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/5
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 06/02; 04/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 5. седница, одржана на 31.1.2022 година`, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

1. Во Решението бр. 08-261/4 од 17.1.2022 година за именување член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје наместо Иван Чешларов за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје се именува

Дарко Атанасовски.

2. Решението да се достави до именуваниот, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

3. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-465/4
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/7
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 точка 9 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 5 и 6 од Одлуката за начинот на формирање на силите за заштита и спасување во Општина Центар-Скопје бр. 07-113/2 од 30.1.2007 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/07) и член 2 од Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје бр. 07-360/2 од 22.2.2007 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 2/07), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје**

1. За командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје се именува м-р Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар-Скопје.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Број 08-465/6
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување началник и помошници на началникот на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за именување началник и помошници на началникот на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/9
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 точка 9 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 5 и 6 од Одлуката за начинот на формирање на силите за заштита и спасување во Општина Центар-Скопје бр. 07-113/2 од 30.1.2007 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/07) и член 2 од Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје бр. 07-360/2 од 22.2.2007 година („Службен гласник на Општина Центар- Скопје" бр. 2/07), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување началник и помошници на началникот на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје**

1. За началник на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје се именува Јане Димески, член на Советот на Општина Центар-Скопје.

2. За помошници на началникот се именуваат:

   - за оперативни работи
   2.1. Горан Мицевски, вработен во општинската администрација

   - за хуманитарни мерки за заштита и спасување
   2.2. Доктор од Црвен крст
   2.3. Весна Николовска, вработена во општинската администрација

   - за технички мерки за заштита и спасување
   2.4. Јовица Ацковски вработен во општинската администрација
   2.5. Јадранка Костовска Пешиќ вработена во општинската администрација
   2.6. Дамијан Момировски вработен во општинската администрација

3. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-465/8
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Советот на родители**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Советот на родители,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/11
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 21/18; 198/18; 104/19; 146/19 и 275/19) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19; 146/19; 275/19 и 311/20) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 5. седница, одржана на 31.1.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, предложен од Советот на родители**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје се именува:

   - Андреа Ризински.

2. Членот на Управниот одбор се именува за период од четири години.

3. Ова Решение да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје.

4. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-465/10
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Стручниот совет на градинката**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Стручниот совет на градинката,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/13
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 21/18; 198/18; 104/19; 146/19 и 275/19) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19; 146/19; 275/19 и 311/20) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Стручниот совет на градинката**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Стручниот совет на градинката се именува:

- Снежана Гуцуљ .

2. Членот на Управниот одбор се именува за период од четири години.

3. Ова Решение да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје.

4. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-465/12
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучокот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година.

Бр. 09-465/15
31.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 31.1.2022 година, расправаше по Промена на правилникот за упис на деца во градинките кои се под Општина Центар, со дополнување на услов барем еден од родителите да е со адреса на живеење во Општина Центар, без исклучок и донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Комисијата за здравствена и социјална заштита и заштита на децата да ги разгледа Правилниците за упис на деца на детските градинки во надлежност на Општина Центар-Скопје и да изготви предлози за нивно подобрување.

2. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-465/14
31.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.